## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

**10-ти септември, 2008 година**

**Предмет: "Doing Business" 2009- Република Македонија**




Македонија е рангирана меѓу првите 20 реформатори, односно меѓу 10-тото и 20-тото место во извештајот на „Doing Business“ 2009 година на Светска банка. Во периодот од јуни 2007 до јуни 2008 година Македонија бележи и скок од осум места на генералната позиција и од 79-то место лани, годинава е рангирана на 71-во помеѓу 181 земја во светот во подобрувањето на вкупната бизнис клима.

Република Македонија е рангирана подобро скоро од сите земји во регионов - од Албанија (86), Црна Гора (90), Србија (94), Грција (96), Хрватска (106), Црна Гора (90), БиХ (119) и Словенија (54)

Македонија бележи напредок во рангирањето како резултат на континуираните реформи во шест од вкупно 10 индикатори што го следат времето и средствата потребни за исполнувње на институционалните барања при започнување и водење компанија, прекугранична трговија, плаќањето даноци и затворање/ликвидирање компании, кои ги оценува Doing Business и врз основа на кои ги рангира економиите.

Македонија е рангирана на 27-то место според индикаторот плаќање даноци, во делот на започнување бизнис е рангирана на 12-то место, намалување на времето за регистрација на имот од 98 на 66 дена со реформите

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

на катастарот придонесоа да се искачи Македонија за шест места повисоко на ранг листата, а намалувањето на времето за извоз од 19 на 17 и времето на увоз од 17 на 15 дена како резултат на зголемувањето на ефикасноста на Царинската управа придонесе за подобрување на ранг листата на индикаторот услови за тргување. За индикаторот пристап до кредити се бележи скок од осум места и наместо на 51-во Македонија сега е рангирана на 43-то место, а во делот на извршување договори се бележи зголемувањето на ефикасноста на основните судови и забрзувањето на извршувањето на договорите во комерцијалните спорови.

Земјите од Источна Европа и од Централна Азија веќе петта година се предводници. Најдобрите 10 годинава се Азербејџан, Албанија, Киргистан, Белорусија, Сенегал, Буркина Фасо, Боцвана, Колумбија, Доминиканска Република и Египет. Азербејџан е на 33 место во глобално рангирање, а лани беше на 97-то место. Оваа држава спроведе реформи во седум од десетте области што се предмет на истражување. Сингапур води во глобалното рангирање веќе три години по ред. На второто место е Нов Зеланд, а на трето САД.